Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо“
Бул. „М. М. Брицо“ бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk

Врз основа на член 83 став 1 алинеја 13 од Статутот на СОУ „Методи Митевски Брицо” - Делчево, а во врска со насоки од страна на Министерството за образование и наука број 13-2043/3 од 06.02.2026 година, Училишниот одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо”-Делчево на седницата одржана на ден 08.06.2026 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ИСТАКНУВАЊЕ, ПОФАЛУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ
**во СОУ „Методи Митевски Брицо”**
**Делчево**

## I Основни одредби

### Член 1

Со цел да се поттикнат учениците да постигнуваат подобри резултати во воспитнообразовната работа и слободните активности, училиштето ги истакнува, пофалува и наградува учениците кои постигнуваат исклучителни резултати во:

- реализацијата на наставните програми
- успешното претставување на училиштето на натпревари и манифестации
- во организација на општествено-корисна работа, хуманитарни и слободни активности
- други облици на работа дефинирани со Годишната програма за работа на училиштето

Наградите и пофалбите ги доделуваат надлежните органи на училиштето врз основа на одредбите од овој Правилник, а во согласност со Законот за средно образование.

### Член 2

Со овој Правилник се утврдуваат:

- Видовите награди и пофалби
- Постапката за доделување на награди и пофалби

**Член 3**

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за позитивните успеси во воспитно образовната дејност.

Училиштето доделува награди и пофалници на:

- Поединци
- Група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ или трето место) на натпревари
- Паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски
- Паралеката, група или секција која постигнува најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето или надвор од него (производствена, хуманитарна, едукативна, културна, спортска и други).

## II Награди и пофалби

**Член 4**

Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа и паралелка во текот, на крајот на учебната година, на денот на училиштето или на денот на словенските просветители.

**Член 5**

Предлог за пофалби и награди дава:

- Предметниот наставник
- Класниот раководител
- Стручен соработник
- Директорот
- Училишната комисија

Одлуката за награда или пофалба ја донесува наставничкиот совет по предлог на комисијата за пофалби и награди составена од наставници ментори на учениците, директор и педагог.

**Член 6**

Ученик се пофалува и наградува ако истакнува со:

- Континуирано залагање и напредување во наставата
- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично)
- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него
- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.)

**Член 7**

Пофалби и награди се доделуваат на паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

**Член 8**

Пофалби и награди се доделуваат на паралека која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

**Член 9**

Пофалбите се доделуваат усно или писмено.

(1) Усните пофалби се доопштуваат пред учениците преку разгласна станица или преку соопштение.

(2) Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници или признанија.

**Член 10**

Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за филмски, театарски, спортски и други културно-уметнички претстави, платен престој во летувалишта или зимувалишта, платено учество за екскурзии, претплата на весници и списанија, ученички прибор, часовник, некој предмет и друго).

**Член 11**

Доделувањето на пофалбите и наградите по правило се врши на свечен начин пред улениците од паралелката односно училиштето.

Денот на доделувањето на пофалбите се определува во одлуката донесена од наставничкиот совет.

**Член 12**

Пофалби и награди на учениците може да се доделуваат и за постигнати резултати на разни активности (конкурси, натпревари, изложби и сл.) организирани од други установи или организации во локалната средина или пошироко.

Одлуката за пофалбите или наградите од став 1 на овој член, како и времето за нивното доделување ги определува организаторот на тие активности.

## III Начин и постапка за доделување дипломи за завршено средно образование и образци на дипломите врз основа на покажани исклучителни резултати и проширени и продлабочени знаења од областа на науката, уметноста и други видови на дејност и континуираниот одличен успех на учениците

**Член 13**

Предлогот за доделување на дипломите за завршено средно образование се дава од страна на раководителите на паралелките од завршните години на средното образование.

**Член 14**

Одлуката за доделување на дипломите за завршено средно образование се донесува од страна на наставничкиот совет на училиштето врз основа на покажаните исклучителни резултати и проширени и продлабочени знаења од областа на науката, уметноста и други
видови на дејност и континуираниот одличен успех на предложените ученици.

**Член 15**

Одлуката за доделување на диплома за завршено средно образование и покажани исклучителни резултати и проширени и продлабочени знаења од областа на науката, уметноста и други видови на дејност на талентирани ученици се донесува врз основа на постигнат успех на ученички натпревари, олимпијади и слични манифестации, наградни теми и конкурси од општински, регионален, државен и меѓународен карактер во поединечен или групен настап.

Одлуката за доделување на диплома за завршено средно образование со континуиран одличен успех се донесува врз основа на континуиран покажан одличен успех на ученикот и покажан успех во одредени дејности во училиштето или надвор од него.

**Член 16**

Доделувањето на дипломите за завршено средно образование се врши на пригоден начин пред сите ученици и наставници во училиштето, на крајот од последната учебната година по завршувањето на средното образование.
Дипломите за завршено средно образование се врачуваат на учениците од страна на директорот на училиштето.

**Член 17**

Дипломата за завршено средно образовние и покажани исклучителни резултати и проширени и продлабочени знаења од областа на науката, уметноста и други видови на дејност на талентирани ученици се изда ва на образец бр. 1 со димензии 210 x 297 мм, кој е составен дел на правилник за начинот и постапката за доделување дипломи за завршено средно образование и за обрасците на дипломите (Сл.весник на РМ број 61/2014).

Дипломата за завршено средно образование со континуиран одличен успех се издава на образец бр. 2 со димензии 210 x 297 мм, кој е составен дел на правилник за начинот и постапката за доделување дипломи за завршено средно образование и за обрасците на дипломите (Сл.весник на РМ број 61/2014).

Дипломите од ставовите 1 и 2 на овој член содржат: назив на училиштето и општината; презиме, татково име и име на ученикот; образложение за што се доделува; место за печат; потпис на раководителот на паралелката; потпис на директорот на училиштето; деловоден број; место и датум на доделување. Текстот на обрасците е со хоризонтална поставе ност на форматот од дипломата.

## IV Пофалници

### Член 18

На учениците кои се истакнуваат со својата работа и однесување, кои се истакнуваат во совладувањето на поедини наставни области, како и на учениците кои постигнуваат исклучителни резултати им се доделуваат пофалници.

Пофалница доделува:

- Предметен наставник
- Класен раководител
- Класен совет
- Директор

### Член 19

Предметен наставник пофалува ученик за посебно залагање и постигнат успех во совладувањето на материјалот од одреден предмет.

Класен раководител пофалува ученик кој се истакнува во учењето, примерното поведение, редвност на настава и позитивно делување на класната заедница.

Класен совет писмено (во вид на пофалница) пофалува ученик кој посебно се залага за успехот на класот и дава помош на ученици кои потешко совласдваат одредени области.

Директорот на училиштето пофалува ученици, класни заедници, училишни организации врз основа на постигнатиот успех во учењето, поведението, разни акции, натпревари и други активности во текот на учебната година.

**Член 20**

Пофалбите можат да бидат усни и писмени и им се соопштуваат на учениците на состаноците на класната заедница, на родителска средба, по пат на периодични информации, преку соопштение или по повод разни свечености во училиштето.

Класниот раководител добиените усни и писмени пофалби ги внесува во дневникот за работа со напомена поради што, од кој орган и кога ученикот е пофален.

**Член 21**

Писмените пофалби се издаваат на ученикот во вид на плакета или пофалница. Писмените пофалби

Писмените пофалби на ученикот му ги врачува класниот раководител.

Податоците за добиената писмена пофалба класниот раководител ја внесува во главната книга за учениците.

**Член 22**

Ученикот е ослободен од редовна настава поради подготовка за натпревар и тоа:

- 1 ден за регионален натпревар
- 2 дена за државен натпревар
- 3 дена за државна олимпијада
- 5 дена за меѓународен натпревар

Правото на ослободување од настава ученикот го стекнува со пласманот на претходниот натпревар.

Правото на ослободување може да се користи исклучиво во функција на подготовки за натпревар.

Ако натпреварот е во работен ден, ученикот е ослободен од настава.

**V Преодни и завршни одредби**

**Член 23**

Постапка за изменување и дополнување на овој правилник може да покренат најмалку пет наставници, стручен актив, класен совет, наставнички совет, директорот на училиштето или ученичката заедница/ ученички совет.

**Член 24**

Овој правилник стапува во сила на денот на донесувањето. Со стапувањето во сила на овој правилник престанува да важи правилникот број 02-889/3 од 26.09.2025 година.

СОУ„Методи Митевски Брицо”- Делчево
Училишен одбор
Претседател
Желеанка Демирова